# **Р Е Ф Е Р А Т**
## **ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИЈА (5.02.00.01), ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ЕКОНОМИЈА НА СОЦИЈАЛНАТА ДРЖАВА И НАЦИОНАЛНИ СМЕТКИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 12.9.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област економија (5.02.00.01), по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1500/6, донесена на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 30.9.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Владимир Филиповски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Предраг Трпески, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Трајко Славески, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област економија (5.02.00.01), по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, вонр. проф. д-р Биљана Ташевска, вработена на Економскиот факултет во Скопје.

### **1 Биографски податоци и образование**

Кандидатката д-р Биљана Ташевска е родена на 12.9.1983 година, во Скопје. Средно образование завршила во 2001 година, во природно-математичката гимназија „Никола Карев“ во Скопје, со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, на департманот Финансиски менаџмент. Дипломирала во 2005 година, со просечен успех 9,61.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, а има солидни познавања и од францускиот јазик.

Во учебната 2006/2007 година се запишала на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, на студиската програма Управување во јавниот сектор. Студиите ги завршила во 2011 година, со просечен успех 10,00. На 1.7.2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Буџетскиот дефицит, јавниот долг и проблемот на истиснување на приватниот сектор (crowding-out),* со што се стекнала со научен степен магистер на економски науки.

Докторска дисертација пријавила во октомври 2011 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје. Дисертацијата на тема: *Меѓузависноста на буџетскиот дефицит, јавниот долг и фискалната одржливост* ја одбранила на 12.3.2015 година, пред Комисија во состав: акад. Таки Фити (ментор), проф. д-р Михаил Петковски, проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Трајко Славески и проф. д-р Горан Петревски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на економски науки.

На 31.8.2015 година е избрана во звањето доцент по економски науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, по предметот Општествено богатство и национални сметки (Билтен на УКИМ бр.1104 од 15.7.2015 година). Во моментот, кандидатката е вонреден професор на Економскиот факултет - Скопје, во научните области: економска теорија и применета економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1210 од 1.3.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1104 од 15.7.2015 година и бр. 1210 од 1.3.2020 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Економски факултет – Скопје, кандидатката д-р Билјана Ташевска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки. На втор циклус студии, таа е координатор на предметите: Економија на благосостојбата и социјални политики на студиската програма Економски развој и меѓународни финансии, Социјални политики и програми на студиската програма Управување во јавниот сектор и Избрани теми од економија на студиската програма Статистички методи за бизнис и економија. Ангажирана е и на трет циклус студии, на студиската програма Економски науки, на предметот Јавни финансии. Таа, исто така, е ангажирана за изведување настава и вежби по предметот Економија и социјален систем на програмата од прв циклус студии по Социјална работа и социјална политика на Филозофскиот факултет при УКИМ.

Во изведувањето на наставата, кандидатката со целосна посветеност и забележителен успех е ангажирана во пренесувањето на знаењето на студентите, притоа користејќи современи методи во наставно-образовните активности и одржувајќи отворена и континуирана комуникација со студентите. Во функција на наставата, кандидатката е активно вклучена во консултации со студенти, менторирајќи изработка и презентација на проектни задачи и дипломски трудови. Исто така, кандидатката е вклучена во подготвување и оценување на испитни прашања, организирање и спроведување на испити и колоквиуми за предметите кои ѝ се доделени.

Кандидатката д-р Билјана Ташевска учествувала во дизајнирање и подготовка на три нови предметни програми на втор циклус студии (Економија на благосостојбата и социјални политики на студиската програма Економски развој и меѓународни финансии, Социјални политики и програми на студиската програма Управување во јавниот сектор и Избрани теми од економија на студиската програма Статистички методи за бизнис и економија) на Економскиот факултет во Скопје.

Кандидатката била ментор на 44 дипломски труда и учествувала како член во Комисија за оцена и одбрана на 55 дипломски, 5 магистерски и 3 докторски труда.

Д-р Билјана Ташевска е коавтор на рецензиран учебник со наслов: *Економија – основи на економијата*, шесто издание, Економски факултет – Скопје, 2022 (ISBN 978-608-212-087-4).

Конкретните активности, со датуми и други релевантни податоци, согласно со Анекс 1 (член 2) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се наведени во Образец 2, приложен кон овој извештај.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Билјана Ташевска, од последниот избор до денот на пријавата, има објавено вкупно 12 научни труда од областа на економијата, од кои 1 научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание) индексирано во Web of Science и Ebsco, 1 труд во меѓународно научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, а е индексирано во Web of Science, 1 труд во научно списание во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, 1 труд како дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, 4 труда во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири и 4 труда во зборници на трудови од научни собири. Кандидатката има објавено 3 научни монографии, 2 дела од монографија и 3 апстракти објавени во зборници од конференции.

Д-р Билјана Ташевска е раководител на еден национален научен проект (Детерминанти и ефекти на неформалната економија) во рамките на Економскиот факултет во Скопје. Таа учествувала како член во 3 меѓународни и 2 национални научни проекта.

Кандидатката одржала 2 пленарни предавања на научни/стручни собири и 2 секциски предавања на научни/стручни собири со меѓународно учество.

Д-р Билјана Ташевска била рецензент на 12 научни труда во реномирани меѓународни научни списанија и меѓународни научни собири.

Називите на трудовите, проектите и останатите активности од научноистражувачката дејност, со датуми и други релевантни податоци, согласно со Анекс 1 (член 3) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се наведени во Образец 2, приложен кон овој извештај.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Во разгледуваниот период, д-р Билјана Ташевска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Економски факултет во Скопје и во други дејности од поширок интерес.

Кандидатката е коавтор на 4 стручни монографии. Има извршено превод на една книга од македонски на англиски јазик, а била и секретар на редакција на една монографија.

Д-р Билјана Ташевска е континуирано вклучена во работата на бројни комисии на Економскиот факултет во Скопје (Комисија за спроведување Анкета за односот на наставниците и соработниците спрема наставата; Комисија за подготовка и реализација на GAP-анализа за AACSB-акредитација, стандард 7; Комисија за избор на демонстратор; Комисија за спроведување избори за претседател и членови на студентско собрание на Економски факултет – Скопје, УКИМ; Поткомисија за самоевалуација на студиската програма Економија и др.), како и во промотивните активности на Факултетот, на прв и втор циклус студии.

Д-р Билјана Ташевска е претседател на Организацискиот одбор на меѓународната интеркатедарска конференција MIKET 2024, во организација на Економски факултет – Скопје. Таа е член на Организацискиот одбор на меѓународната научна конференција „Economic and Business Trends Shaping the Future (EBTSF)”, во организација на Економскиот факултет во Скопје, во периодот 2020 – 2024, а била и член на Научниот одбор на меѓународната конференција “Current Economic Trends in Emerging and Developing Countries” (TIMTED-2021), организирана од Faculty of Economics and Business Administration, West University of Timisoara и East-European Center for Research in Economics and Business (ECREB).

Во изборниот период, д-р Билјана Ташевска учествувала во изготвување и пријавување на еден национален научен проект како носител и на два меѓународни научни проекта како соработник.

Кандидатката била ангажирана како предавач на Обуката за овластен портфолио менаџер, во организација на Академијата за банкарство и информатичка технологија.

Почнувајќи од март 2020 година, кандидатката ја извршува функцијата раководител на втор циклус студии по Статистика за бизнис и економија на Економски факултет – Скопје. Таа претходно ја извршувала функцијата секретар на втор циклус студии по Статистика за бизнис и економија, како и функцијата секретар на Катедрата за економија на Економскиот факултет во Скопје.

Кандидатката била дел од Работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемаштво, во рамки на Министерството за труд и социјална политика. Таа е член на Надзорниот одбор на Друштвото за економско-деловен консалтинг, истражувања и едукација ЕКОНС ДООЕЛ – Скопје.

Конкретните активности, со датуми и други релевантни податоци од стручно-применувачката дејност и дејностите од поширок интерес, согласно со Анекс 1 (член 5) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се наведени во Образец 2, приложен кон овој извештај.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Билјана Ташевска, во периодот од последниот избор во звање – вонреден професор до денес, континуирано добива позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Економскиот факултет во Скопје, односно просечна оценка по предметот Економија на социјалната држава – 9,51 и просечна оценка по предметот Национални сметки – 9,60. Високите оценки се уште една потврда за целосната посветеност на кандидатката со реализацијата на наставно-образовната дејност.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање и долгогодишната соработка со кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Билјана Ташевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес (вкупно пресметани 268,67 поени, од кои во наставно-образовната дејност – 95,6 поени, во научноистражувачката дејност – 116,67 поени и во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес – 56,4 поени), Комисијата заклучи дека д-р Билјана Ташевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки.

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, д-р Билјана Ташевска да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**
**Проф д-р Предраг Трпески, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Славески, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Билјана Благој Ташевска
**Институција:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје
**Научна област:** економија (5.02.00.01)

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,61<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00<br>Просечниот успех изнесува 9,81 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: економија (5.02.00.01)<br>Поле: економија и бизнис (5.02)<br>Подрачје: општествени науки (5) | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Eastern European Economics<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Ebsco<br>3. Наслов на трудот: "The Government Revenue–Expenditure Nexus in Southeast Europe: A Bootstrap Panel Granger-Causality Approach"<br>4. Година на објава: 2020 | ДА |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Management Research and Practice<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: “The Minimum Wage Impact on Labour Productivity: The Case of Selected SEE Countries”<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Economy, Business & Development: An International Journal<br>2. Меѓународен уредувачки одбор: Вкупен број на членови=11, Република Северна Македонија=5 члена, Романија=1 член, Србија=1 член, Турција=1 член, Австралија=1 член, САД=1 член, Мароко=1 член<br>3. Наслов на трудот: “Fiscal Decentralization and Economic Growth: Empirical Evidence from European Countries”<br>4. Година на објава: 2024 | ДА |
| 3.4 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 3rd International Scientific Conference Economic and business trends shaping the future<br>2. Назив на меѓународниот собир: 3rd International Scientific Conference Economic and business trends shaping the future, Faculty of Economics-Skopje<br>3. Имиња на земјите: Република Северна Македонија, Полска, Турција, САД, Шпанија, Романија, Португалија, Канада, Аргентина, Јапонија и други<br>4. Наслов на трудот: “Social Protection Expenditures in Central and Eastern European Countries: Does Government Debt Matter?”<br>5. Година на објава: 2022 | ДА |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Book of Proceedings of the 3rd International Interdepartmental Conference “Shaping Post-COVID World – Challenges for Economic Theory and Policy”<br>2. Назив на меѓународниот собир: 3rd International Interdepartmental Conference “Shaping Post-COVID World – Challenges for Economic Theory and Policy”<br>3. Имиња на земјите: Србија, Хрватска, Северна Македонија, Словенија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Полска, Швајцарија, Велика Британија, Украина | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Наслов на трудот: “The Effects of Remittances on Poverty and Inequality Alleviation in Selected Central and South-East European Countries”<br>5. Година на објава: 2023 | |
| 3.6 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 1st International Scientific Conference Economic and business trends shaping the future<br>2. Назив на меѓународниот собир: 1st International Scientific Conference Economic and business trends shaping the future, Faculty of Economics-Skopje<br>3. Имиња на земјите: Република Северна Македонија, Полска, Турција, САД, Шпанија, Романија, Португалија, Канада, Аргентина, Јапонија и други<br>4. Наслов на трудот: “Is There a Dominance of Social Protection Expenditure in the European Union?”<br>5. Година на објава: 2020 | ДА |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира<br>1. Наслов на учебникот: Економија – основи на економијата, шесто издание<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2022 година | ДА |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1 март 2020 година, Универзитетски билтен бр. 1210 | ДА |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**
**Проф. д-р Предраг Трпески, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Славески, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Билјана Благој Ташевска
**Институција:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје
**Научна област:** економија – 5.02.00.01

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава**<br>[неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * број на семестри]<br>Прв циклус студии<br>▪ Национални сметки 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 (4*15*0,04*4 = 9,6 поени)<br>▪ Економија и социјален систем 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 (3*15*0,04*4 = 7,2 поени)<br>▪ Економија на социјалната држава 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023 (6*15*0,04*4 = 14,4 поени)<br>▪ Економија на социјалната држава 2023/2024 (4*15*0,04*1 = 2,4 поени)<br>Втор циклус студии<br>▪ Избрани проблеми од микро- и макроекономија 2020/2021, 2021/2022 (40*0,05*2 = 4 поени)<br>▪ Избрани теми од економија 2023/2024 (40*0,05 = 2 поени)<br>▪ Економија на благосостојбата и социјални политики 2022/2023, 2023/2024 (40*0,05*2 = 4 поени)<br>Трет циклус студии<br>▪ Јавни финансии 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2023/2024 (30*0,06*4 = 7,2 поени) | 50,8 |
| | **Настава во школи и работилници** (раководител 1,5 - учесник 1 поен)<br>▪ Предавање на тема “The role of fiscal policy in times of crisis”, во рамки на 49th Regional Course on Key Issues on the International Economic Agenda for Countries with Economies in Transition, организиран од UNCTAD и Економски факултет – Скопје, 4.7.2023 (1 поен) | 1 |
| | **Одржување на вежби**<br>[неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * број на семестри]<br>▪ Национални сметки 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 (2*15*0,03*4= 3,6 поени)<br>▪ Економија и социјален систем 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 (2*15*0,03*4 = 3,6 поени)<br>▪ Економија на социјалната држава 2023/2024 (2*15*0,03*1 = 0,9 поени) | 8,1 |
| | **Консултации со студенти**<br>[број на студенти * бодување]<br>Прв циклус студии | 5,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ Национални сметки (2020/2021: 297; 2021/2022: 291; 2022/2023: 201; 2023/2024: 140) (929*0,002 = 1,858)<br>▪ Економија на социјалната држава (2019/2020: 513; 2020/2021: 469; 2021/2022: 371; 2022/2023: 267; 2023/2024: 150) (1770*0,002 = 3,54)<br>▪ Економија и социјален систем (2020/2021: 52; 2021/2022: 42; 2022/2023: 48; 2023/2024: 42) (184*0,002 = 0,368)<br>Втор циклус студии<br>▪ Избрани проблеми од микро и макроекономија (2020/2021: 1; 2021/2022: 1) (2*0,002 = 0,004)<br>▪ Избрани теми од економија (2023/2024: 1) (1*0.002 = 0.002)<br>▪ Економија на благосостојбата и социјални политики (2022/2023: 3; 2023/2024: 3) (6*0.002 = 0.012)<br>Трет циклус студии<br>▪ Јавни финансии (6*0,002 = 0,012) (2019/2020: 1*0,002 = 0,002; 2020/2021: 1*0,002 = 0,002; 2021/2022: 1*0,002 = 0,002; 2023/2024: 3*0,002 = 0,006) | |
| | **Подготовка на нов предмет** (1 поен)<br>▪ Економија на благосостојбата и социјални политики на втор циклус студии по Економски развој и меѓународни финансии (1 поен)<br>▪ Социјални политики и програми на втор циклус студии по Управување во јавниот сектор (1 поен)<br>▪ Избрани теми од економија на втор циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија (1 поен) | 3 |
| | **Ментор на дипломска работа**<br>[број на менторства * бодување 0,2]<br>▪ Национални сметки (17*0,2 = 3,4 поени)<br>▪ Економија на социјалната држава (27*0,2 = 5,4 поени) | 8,8 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд**<br>[број на комисии * бодување 0,7]<br>▪ 3*0,7 = 2,1 поен | 2,1 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд**<br>[број на комисии * бодување 0,3]<br>▪ 5*0,3 = 1,5 поени | 1,5 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**<br>[број на комисии * бодување 0,1]<br>▪ 55*0,1 = 5,5 поени | 5,5 |
| | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** (автор 8, коавтор 6 поени)<br>▪ Таки Фити, Владимир Филиповски, Предраг Трпески, Билјана Ташевска (2022) *Економија – основи на економијата*, шесто издание, Економски факултет – Скопје (6 поени) | 6 |
| | **Пакет материјали за предмет** (1 поен)<br>▪ Економија на социјалната држава (1 поен)<br>▪ Национални сметки (1 поен)<br>▪ Економија и социјален систем (1 поен) | 3 |
| | | |
| | **Вкупно** | **95,6** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Ментор на докторски труд** (5 поени)<br>▪ 1 кандидат во тек (5 поени) | 5 |
| | **Раководител на национален научен проект** (6 поени)<br>▪ Научноистражувачки проект „Детерминанти и ефекти на неформалната економија“, проект финансиран од УКИМ (кокоординатор и главен истражувач) (6 поени) | 6 |
| | **Учесник во национален научен проект** (2 поени)<br>▪ Проект „Образование за вработување + во Северна Македонија“, Хелветас Швајцарска Интеркооперација од Швајцарија (ХСИ) подружница во Скопје, (соработник – анализа во рамки на Компонента 3 од проектот), 15.1.2021-20.2.2021 (3 поени)<br>▪ Научноистражувачки проект на Економскиот факултет во Скопје „Перспективи и предизвици на процесот на приближување јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската Унија“, 2015 – во тек (3 поени) | 6 |
| | **Учесник во меѓународен научен проект** (5 поени)<br>▪ Accelerating Progress on Effective Tobacco Tax Policies in Low- and Middle-Income Countries, Project funded by the University of Illinois at Chicago's (UIC) Institute for Health Research and Policy (Senior analyst), January 2021 - ongoing (5 поени)<br>▪ Координатор за Економски факултет – Скопје во рамки на CEEPUS III network: Sustainability and Health Economics (5 поени)<br>▪ Regional project "Responding to the Socio-Economic Effects of COVID-19 by supporting vulnerable groups, low-paid workers, workers in the informal economy and temporary workers", implemented in the Western Balkans, with the support of the Joint COVID-19 Rapid Response Fund of the Open Society Foundations, July 2020 – June 2021 (analyst/researcher) (5 поени) | 15 |
| | **Монографија** (8 поени)<br>▪ Hristovska Mijovic, B., Trpkova-Nestorovska, M., Spasova Mijovic, T., Tashevska, B., Trenovski., B., & Kozeski, K. (2023). The Economics of Tobacco Farming in North Macedonia [Report]. Analytica. (8*0,6 = 4,8 поени) https://www.tobacconomics.org/research/the-economics-of-tobacco-farming-in-north-macedonia-report/ (8*0.6 = 4.8 поени)<br>▪ Mijovic Hristovska, B., Mijovic Spasova, T., Trpkova-Nestorovska, M., Tashevska, B., Trenovski, B., & Kozeski, K. (2021). Tobacco Farming and the Effects of Tobacco Subsidies in North Macedonia [Report]. Analytica. (8*0,6 = 4,8 поени) https://www.tobacconomics.org/research/the-economics-of-tobacco-subsidies-in-north-macedonia/ (8*0,6 = 4,8 поени)<br>▪ Мијовиќ Христовска, Б., Мијовиќ Спасова, Т., Треновски, Б., Ташевска, Б. и Кожески, К. (2021) | 14,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Анализа на ефектот од Ковид-19 врз работниците кои се дел од неформалната економија и привремено вработените работници, преку предлог мерки за нивна поддршка, Здружение за истражување на политики Аналитика Скопје (8*0,6 = 4,8 поени) | |
| | **<u>Дел од монографија</u>** <u>(4 поени)</u><br>▪ Mijovic Spasova, T., Mijovic Hristovska, B., Trpkova-Nestorovska, M. and Tashevska, B. (2023) Boosting Health and Revenue: Tobacco Tax Hike for a Safer, Smoke-Free Future in North Macedonia, in (Chekredji et al., eds) *The Sustainable Development Goals - How to Accelerate Their Achievement in North Macedonia and Leave No One Behind*, United Nations Development Programme North Macedonia (UNDP North Macedonia) (4*0,6 = 2,4 поени)<br>▪ Фити, Т. и др. (2020) *Нобеловци по економија 1969-2020,* (ур. Таки Фити), Економски факултет – Скопје (автор на прилозите за Естер Дифло и Абиџит Банерџи и коавтор на прилогот за Ангус Дитон) (4 поени) | 6,4 |
